# ПРАЗНУВАЊЕ БОЖИЌ ВО ЛЕШОК

Честит и вековит 7 Јануари 2025 - православниот празник Рождество Христово - Божиќ.

Нека е честит и именденот на лицата и фамилиите, кои ги носат имињата и презимиња: Божин, Божана, Богдан, Богданка, Боге, Богица, Богољуб, Божидар, Ристо, Ристана, Христе, Христина, и др., односно фамилиите и родови: Божиновски, Богдановски, Ристоски, Христовски, и др.

На овој ден мајка Богородица, го родила Господ Исус Христос. Православната црква го слави денешниот празник Божиќ со векови со традиции, кои се задаржале се до денес, 2025 година.

Во Лешок *(Љешек*) и селата во Подгора, во моето детство, најпрво се обележуваа Коледе и Бадник (Б,дник), ден пред празникот Божиќ. Утрото рано на 6 јануари, малите дечиња со торбички и стапчиња одевме во мали групи по куќите под Бучејца и ја пеевме песната Коледе леде. Домаќинката ни даваше ореви, костени, јаболчиња, а понекоја не даруваше со ситни пари. Кога ќе ги посетивме сите куќи, ќе застаневме на некое место, ги вадевме даровите од торбичките и ги поделувавме подеднакво на секое дете.

Вечерта, на Бадник кога ќе се стемни возрасни и поголемите деца се облекуваат-маскираат во необични облеки ( кожуви, гуњичиња, калпаци, шамии, се мачкаат (шаљаат ) со црни гламњи, за да изгледаат пострашни, а секој во рака носи стап, звонци, прапорци, клопотарци и торби и пред секоја куќа ја пеат Б, дња баба и собираа дарови ( ореви, костени и др. и поститни пари). Кога ќе завршеа бадникарските тајфи одеа во Манастир и се приклучуваа на возрасните и поголемите деца на палењето огон ( огин), каде се пиеше греана ракија и после се пееја песни ( поеја песме). Оваа традиција е задржана до денес, 2025 година.

На овој ден мајка ми Јорда правеше посна вечера, без месо и сало и печеше кравајче-мала погача, ама и секоја домаќинка печеше кравајче, и во него ставаше париче. Пред да вечераме, татко ми Живко и секој домаќин, најпрво крши парче од кравајчето и најпрвото е за Господ, второто за куќата и третото за домаќинот, а потоа крши за секој член од семејството. Потоа, се вечера и на кој ќе се падне паричето, верувавме дека ќе му носи среќа годината. После вечерата, домаќинката не ја крева трпезата, туку, останува до сабајлето.

Утредента, на Божиќ, кога ќе станевме се поздравувавме со зборовите:

*Христос се роди* и одговаравме: *Навистина се роди*

Потоа секој земавме по едно залче од останатото јадење, заради здравје. Утрото, на Божиќ, мајка ми Јорда месеше тигањци (тигањце).

Дента на Божиќ повозрасните одеа во црква или ги посетуваа блиски роднини и се враќаа дома за ручек.

Секоја година на Костоо имаше музичари- банде ( армоника, кларинет, труба, тупан или тарабука) и повозрасните играа танец -ора од наши народни песни ( песме). Се сеќавам дека најзаслужна за да дојдат банде беше нина Томејца од Праникооj.

На овој ден мама правеше ручек со мрсно печено свинско месо, салата туршија или расол (купус), а благо правеше темна алва.

На овој ден постарите велеа: *Иди кеј ќе одиш, за Божик дома биди.*

За Божиќ и другите три дена постарите се поздравуваа, а не учеа и нас да велиме:

*Христос се роди* и да одговараме: *Навистина се роди.*

За овие обичаи за славење на Бадник и Божиќ во Лешок и 14-те соседни села од Подгора, запишавме во книгата: Лешок и соседните села на Здружението Лешок, Скопје од 2005 год. (стр. 150-153, 166 и 168 ).

За Бадник (*Б,дник*), Коледе, Божиќ (*Божик*) и други верски празници и споменати зборови во овој текст, може да се прочита во книгата: Речник на зборови говорени во Лешок - *Љешечки зборooj*, (стр.26, 29, 115 и др.) на Веб сајтот: www.spiroski.com.mk

Ве поздравувам од Скопје од Мичурин, со поздравот:

ХРИСТОС СЕ РОДИ - НАВИСТИНА СЕ РОДИ

Скопје, 07, Јануари 2025, Митко Спироски